Република Македонија
**Министерство за внатрешни работи**

[redacted]

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

ДО:
ОПШТИНА БИТОЛА
СОВЕТ НА ОПШТИНА БИТОЛА
ул. "Булевар 1-ви Мај" бр. 61
Битола

рег. бр. 29.5.1-/2835
.08.2016 година

ПРЕДМЕТ: Информација, доставува.-

Во прилог на актот Ви доставуваме Информација за безбедносната состојба на подрачјето на Полициската станица од општа надлежност – Битола во текот на 1-то полугодие од 2016 година, за Ваше понатамошно постапување.

ПРИЛОГ: Информација

НАЧАЛНИК на СВР БИТОЛА
Виш полициски советник
Методија Атанасовски


Министерство за внатрешни работи

Сектор за внатрешни работи Битола

Одделение за Полиција

ПС од ОН Битола

Тел. (047) 225 110

www.mvr.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
СЕКТОР ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ – БИТОЛА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОЛИЦИЈА
ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ – БИТОЛА
Бр. 29.5.1 – 33/ 599
.08.2016 година
БИТОЛА

# И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

**ПРЕДМЕТ:** Безбедносна состојба на подрачјето на ПС- ОН Битола во текот на 1-то полугодие од 2016 година

Во текот на првото полугодие од 2016 година безбедносната состојба на подрачјето на ПС од ОН Битола се оценува како поволна. Имено, бројот на прекршоците од областа на јавниот ред и мир, бележи намалување од 44,8%, додека според показателите во однос на истиот период од минатата година, бројот на сообраќајните незгоди е во зголемување за 39,17%.

Во извештајниот период активностите на ПС од ОН Битола приоритетно беа насочени кон реализација на задачите предвидени во Програмата за работа и одржување на добра и стабилна безбедносна состојба.

## ЈАВЕН РЕД И МИР

Состојбата во областа на јавниот ред и мир во текот на првото полугодие од 2016 година, се оценува како добра и стабилна. Оваа оценка се заснова на фактот што овој период бројот на прекршоците бележи намалување од 44,8%, како и податокот што не се регистрирани нарушувања на јавниот ред и мир во поголем обем, додека поголемиот број на протесни собирања на граѓаните се одржуваа мирно без инциденти и не предизвикаа безбедносни импликации.

1.

Во текот на второто полугодие од 2016 година на станичното подрачје од ПС од ОН Битола имаше 61 протестни собирања, при тоа поголемиот број на протести беа одржани на мирен начин без поголеми нарушувања на ЈРМ, и тоа најчесто на ул. "Широк Сокак", пред зградата на Општина Битола, зградата на Основно Јавно Обвинителство и Основен Суд Битола, и пред објектот во изградба кино „Манаки" кадешто учесниците на протестите го изразуваа својот револт со фрлање на боја и јајца на фасадите од објектите на наведените институции. Исто така, во одреден број на протестни собирања од страна на учесниците беа блокирани поголемите и пристапните сообраќајници во општина Битола.

На деновите 13/14/15/16/17/04.2016год. групата од граѓани која учествуваше на ненајавените протести пред зградата на Општина Битола се обиде насилно да влезе во зградата на Општина Битола, но од страна на полициските службеници навремено беше спречена. За време на овие протестни собирања, односно на 17.04.2016год. 1 полициски службеник беше нападнат од страна на учесниците на протестот, додека 3 полициски службеници при превземањето на мерки за спречување на насилно влегување, на учесниците на протестот, во зградата на Општина Битола се здобија со телесни повреди.

На деновите 18/19.04.2016год. групата од граѓани која учествуваше во протестите изврши блокирање на раскрсницата од ул.Партизанска и ул.Климент Охридски, односно ул.Партизанска и ул.Македонска Фаланга, а потоа се упати по ул.Партизанска на ул.Бонде Скерлевски пред зградата во којашто живее градоначалникот на Општина Битола, каде на мирен начин го изразија својот протест.

2.

На подрачјето на ПС од ОН Битола во текот на првото полугодие сторени се 69 (125) прекршоци од кои: 99 (102) во градот и 13 (23) на село, од 144 (159) сторители. Поднесени се 112 (123) барања за поведување на прекршочна постапка. Најзастапени прекршоци според видот се: физички напад 48(51), учество во тепачка 4 (17), уживање наркотични droги и психотропни супстанции / (13), оддавање на пијанство на јавни места 1 (10), фрлање и кршење на разни предмети 2 (10) и др.



Како причина за извршување на прекршоците од областа на ЈРМ се влошени меѓучовечки односи, нерешени имотно правни односи, нарушени семејни односи, под дејство на алкохол и сл.

Од прекршоците, според местото на извршувањето 99 (102) се извршени во градот, а 13 (23) на село, и тоа: на улица и плоштад се извршени 53 (61), во приватен стан 1 (1), во угостителски објект 14 (19), други места 44 (44). Според начинот на извршување на прекршоците: поединечно извршени се 92 (101), здружени две лица 13 (13), група од три и повеќе лица 7 (9).

По однос на категоријата на сторителите состојбата е следна: вработени 39(28), ученици и студенти 5 (4), земјоделци и занаетчии 8 (11), невработени 92 (116).

По однос на старосната структура на сторителите состојбата е следна: до 16 год. 2( /); од 16-18 год. 1 (4); од 19-21 год. 12 (19); од 22-25 год. 29 (25) и преку 25 год. 100 (111).




При сторување на прекршоците како повратници регистрирани се: / (1) лице, а со телесни повреди се здобиле 52 (58) лица.

Во наредниот период заради обезбедување на стабилен јавен ред и мир на подрачјето, и понатаму ќе се превземаат зајакнати мерки и активности согласно законските прописи, со покривање на сите пунктови и жаришта каде може да дојде до нарушување на истиот, како и превземање на сите мерки и активности кои конкретните состојби ги наложуваат.

## ЈАВЕН ПОРЕДОК

Во текот на првото полугодие од 2016 година поднесени се 84 (48) барања за поведување на прекршочна постапка против 119 (48) сторители на прекршоци, а по основ на следните прописи: Закон за оружје 2 (2), Закон за лична карта 6 (5), Закон за Приватно Обезбедување 2 (6), Закон за спречување на насилство и недостојно однесување на спортски натпревари / (3) , Закон за заштита од пушење / (19).




## ИНСПЕКЦИСКИ ОРГАНИ

ПС-ОН Битола до другите Министерства, инспекциски органи во овој период поднесе барања за поведуване на прекршочна постапка и записници за констатирани прекршоци и тоа вкупно : 2(5) од кои по: Закон за Јавна чистота 2 (5).

## БЕЗБЕДНОСТ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ

Основната претпоставка за непречено одвивање на сообраќајот на патиштата е постоење и обезбедување на објективните услови во кои тој се одвива (соодветни сообраќајно -технички услови, што подразбира добра патна мрежа и сигнализација) како и низата на субјективни услови кои зависат од самите учесници во сообраќајот и нивното почитување кон сообраќајните правила и прописи.

Моменталната состојба на сообраќајно техничките услови, на коишто ПС од ОН Битола активно партиципира со континутирано следење на состојбата на патната сигнализација и опремата на патиштата, како и давање на иницијативи за промена на режимите на сообраќај, е релативно добра. Во првото полугодие на 2016 година според показателите, во однос на истиот период од минатата година, сообраќајните незгоди се зголемени.

На сообраќајниците на подрачјето на ПС од ОН Битола се случиле вкупно 167 (120) сообраќајни незгоди, што претставува зголемување за 39,17% споредено со истиот период од минатата година. Од нив 88 (50) сообраќајни незгоди се со потешки последици, а 79 (70) се со материјална штета.

Од вкупниот број на сообраќајни незгоди со потешки последици на подрачјето на ПС од ОН Битола, во 2 (2) сообраќајни незгоди, животот го загубиле 2 (5) лица, а во 167 (120) сообраќајни незгоди 121 (73) лица се здобиле со телесни повреди, од кои: 19 (9) со тешки телесни повреди (ТТП) и 102 (64) лица со телесни повреди (ТП).




И во овај период поголемиот број на сообраќајни незгоди се случиле во населените места 131 (78), а 36 (42) на отворен пат.

Во структурата на основните причини за настанување на сообраќајните незгоди предизвикани со непочитување на сообраќајните правила на возачите, не се евидентирани значителни промени и натаму најчести грешки на возачите се: страна на движење 33 (31), дејствие 33 (27), првенство на минување 21 (13), брзо возење 14 (13), растојание 23 (6), по грешка на пешаците 11 (6)и т.н.

Во текот на овој временски период од страна на ПС - БПС Битола против прекршителите во патниот сообраќај до Основниот Суд Битола и Комисијата за одлучување по прекршоци при СВР Битола, поднесени се 919 (2725) барања за поведување на прекршочна постапка за сторени 2536 (3572) прекршоци, издадени се и 1856 (1356) мандатни платни налози и 680 (2137) покани за наплата за глоба, од кои наплатени се 152 (476) налози и 69 (98) покани.

На репресивен план се преземени следните мерки: контролирани се 11.495 (15.706) возила и возачи, од кои исклучени се 222 (333) возила и 586 (619) возачи, поради неисправност на возилата и непочитување на сообраќајните правила и прописи на возачите. Во текот на првото полугодие вкупно алкотестирни се 2.591 (1878) возачи, од кои 195 (257) покажале знаци на алкохолизираност. Од нив на / (16) возачи им е земена крв и урина за анализа , а при тоа реализирани се 16 (22) републички акциски контроли и 11 (8) локални акциски контроли.

Изнесените податоци покажуваат на добра и стабилна состојба во сообраќајот на патиштата, и покрај тоа што според статистичките податоци контролната функција на сообраќајната полиција е намалена, во однос на минатата година. Ваквата состојба е условена од значително поголемиот број на ангажирани полициски службеници за постапување по планови за обезбедување на собири на граѓани. Исто така, врз севкупната состојба свое влијание и голем придонес имаат и соодветните превентивни

мерки кои ги превземаше сообраќајната полиција, се со цел за поголемо превентивно дејствување во патниот сообраќај,

## ПРЕВЕНЦИЈА

Во текот на 1-вото полугодие од 2016 год. во областа на превенцијата се превземаа плански активности преку изработување на проекти, се остваруваа контакти со инстиуции кои беа поврзани за остварување и разрешување на одредени проблемски прашања, воспоставена се соработки со организаторите при одржување на спортски натпревари, културни манифестации и др.

Во извештајниот период се спроведоа следните проекти: „Полицијата и граѓаните - заедно", „Како Сте", „На кафе кај соседите", „Нови згради нови жители", „Бизнисот и заедницата",„За спортот заедно",„Без толеранција за алкохолот и дрогата" и „Внимателна заедница безбедна заедница".

Исто така, во овој период беше земено учество на повеќе трибини и состаноци со Урбани заедници, школи, претпријатија, граѓани, ученици, и други Здруженија на граѓани. Од нив ги издвојуваме:

- На ден 04.04.2016 год изведено е едукативно предавање на децата од прво до трето одделение, во ОУ.Стив Наумов во Битола , во врска со темата „Реонскиот полицаец ве советува„. На предавањето учествуваа 230 деца каде беа разработени темите: Средба со непознати на патот до училиштето, Деца сами дома и Наши совети. Во едукативното предавање активно учествуваа и самите ученици со поставување на прашања и давање на одговори.

-На ден 08.04.2016 година во ОУ " д-р Трифун Пановски " во Битола е оддржано едукативно предавање со ученици од 9-то одделение на тема од проектот "Без толеранција за дрогата и алкохолот", каде беа опфатени околу 18 ученици. Во едукативното предавање активно учествуваа и самите ученици со поставување на прашања и давање на одговори.

-На ден 15.04.2016 год изведено е едукативно предавање на децата од детската градинка Ѕвончиња во Битола , во врска со темата "Реонскиот полицаец ве советува". На предавањето учествуваа 30 деца каде беа разработени темите: Средба со непознати на патот до училиштето, Деца сами дома и Наши совети прилагодени за нивната воздраст. Во едукативното предавање активно учествуваа и самите деца со поставување на прашања и давање на одговори.

- На ден 19.04.2016 година, согласно дадените насоки во телеграма 852 од 14.04.2016год., беше остварена посета во средните училишта: СОТУ Ѓорги Наумов, СОМУ Јован Калаузи и СОЗУ Кузман Шапкарев во врска со превенција при одржување на безбедни матурски прослави.

- На ден 25.04.2016 година, согласно дадените насоки во телеграма 852 од 14.04.2016год., беше остварена посета во средните училишта: СОУ Таки Даскало и СОУ Гимназија Јосип Б.Тито во врска со превенција при одржување на безбедни матурски прослави.

- На ден 04.05.2016 год согласно телеграма 852 од 14.04.2016 година во врска со матурските прослави беше остварена посета на училиштата: ДМУ Битола при што е остварена средба со социолог Соколе Штрковски и СОЕУ Јане Сандански при што е остварена средба со педагог Анета Ристевска, во врска со превенција при одржување на безбедни матурски прослави.

- На ден 06.05.2016 година по повод денот на Полицијата 7 ми Мај беше организиран прием на 60 деца од детски градинки „Кокиче" и „Лајф Старт" од Битола при што од наша страна им беше презентирана дел од опремата кои ја користат УПС.

-На ден 10.05.2016 година остварена е посета на средните училишта СОТУ Ѓорги Наумов, СОМУ Јован Калаузи, СОЗУ Кузман Шапкарев, СОУ Таки Даскалот и СОУ Гимназија Јосип Броз Тито, каде на истите им беа доставени флаери во врска со безбедно одржување на матурските прослави.

- На ден 16.05.2016 година остварена е превентивна активност по проектот безбедни матури пред Хотел Епинал лоциран на ул.„Пеце Матичевски" каде се одржуваше прославата на матурантите од СОМУ „Др Јован Калаузи"

- На ден 18.05.2016 остварена е превентивна активност по проектот безбедни матури пред ресторан Манаки лоциран на ул.„Генерал Васко Карангелевски" каде се одржуваше прославата на матурантите од СОЕУ „Јане Сандански".

- На ден 19.05.2016 година остварена е превентивна активност по проектот безбедни матури пред Хотел „Епинал" лоциран на ул.„Пеце Матичевски" каде се одржуваше прославата на матурантите од СОТУ „Ѓорги Наумов".

- На ден 08.06.2016 година е постапено по телеграма број 1251 од 07.06.2016 година од СВР Битола при што се извршени средби со директорите и секретарите на основните училишта во Битола во врска со организирањето на полуматурските прослави со цел нивно безбедно одржување.

- На ден 29.06.2016 година е постапено по телеграма број 1281 од 10.01.2016 година од СВР Битола, при што ПС од ОН Битола изврши средби и состаноци со сопствениците и менаџерите на повеќе угостителски локали во Битола во врска со подготовката за претстојната летна сезона на истите им беше укажано на нивните обврски околу работното време, забраната за точење алкохол на малолетници, превземање на мерки при нарушување на ЈРМ во нивните објекти. Од сопствениците и менаџерите од наша страна се обезбедени телефонски броеви за контакт со истите. Исто така извршени се средби и со одговорните лица од агенциите за обезбедување и тоа: Гарда, Карпатија, Перпетумобиле и СГС посебно е ставен акцент на вршењето на обезбедување на угостителските објекти на кои им е укажано на постапката при нарушување на ЈРМ и

нивните превземања и спречувања на одредени настани и девијантни однесувања во истите.

**Командир на ПС од ОН Битола**
Иван Блажевски